# ОПШТИНА АЕРОДРОМ

## ОТЧЕТ
## 2009 - 2012





# Почитувани граѓани,



Во изминативе години се трудевме и успеавме Аеродром да стане најурбана, најспортска и најмлада општина во Република Македонија.

Досега се остварија над 90 отсто од проектите зацртани на почетокот на мојот мандат, а се реализираа и бројни проекти што не беа опфатени со предизборната програма.

За да го постигнеме овој успех вложивме многу напор, труд и посветеност, а за тоа придонесоа и добрата организација и тимската работа со администрацијата.

Сепак, никогаш не треба да се запре со амбициите. Напротив, во текот на секојдневните ангажмани секогаш излегуваат нови идеи и проекти, така што развојот на општината продолжува понатаму.

Со почит,

**Ивица Коневски**
градоначалник на Општина Аеродром

# ПАРКОВИ

- парк „Аеродром“ со писта и авион покрај Вардар
- парк на езерата
- парк  со плоштад и споменик на Јане Сандански
- парк во Лисиче
- зелен парк во Реонски центар „Аеродром“
- парк со меморијална фонтана со ликот на Тоше Проески
- парк во Мичурин

## ПАРК „АЕРОДРОМ“





како беше некогаш...



...како е сега

# ПАРК НА ЕЗЕРАТА



како беше некогаш...







...како е сега



Со изградбата на „Паркот на езерата“ покрај кејот на реката Вардар, Општина Аеродром им подари на граѓаните ново зелено катче за рекреација. Од друга страна, со новиот модерен парк се облагороди овој со години наназад запуштен простор.

Паркот на езерата се простира на околу 11 илјади квадратни метри, од кои околу 1.800 квадратни метри се водена површина со 4 езерца.

Во централната фонтана е поставена метална модерна скулптура со форма на симболот на Општина Аеродром, во најмалото езерце има украсно соларно дрво со светлечки ефекти, додека другите две езерца содржат по два водопади, мост и гејзери.

# ПАРК „ЈАНЕ САНДАНСКИ“





како беше некогаш... ...како е сега



отчет

На аголот меѓу булеварите „Јане Сандански“ и „Србија“ на 7.6.2011 година официјално беше пуштен во употреба новиот парк со плоштад „Јане Сандански“.

Во паркот е поставен и споменикот на македонскиот револуционер Јане Сандански како симбол на населбата што го носи неговото име.

Паркот се простира на околу 4.000 квадратни метри, од кои на околу 1.600 квадратни метри се изградени пешачки патеки, а околу 250 квадратни метри се водена површина, на која има 3 езерца и еден водопад. На околу 1.700 квадратни метри, пак, има тревни површини со висока и ниска вегетација и што е најважно за зеленилото, паркот има сопствен бунар што се користи за полевање.



# ПАРК ЛИСИЧЕ

## како беше некогаш... ...како е сега





Паркот во населбата Лисиче содржи песочник и детско игралиште со модерна урбана опрема, асфалтирано игралиште за кошарка, езерце со мост, комплетно осветлување, фонтана за пиење вода, клупи за седење, канти за отпадоци, пешачки патеки поплочени со гранитни плочки, како и друга урбана опрема.

Паркот, кој се простира на околу 5 илјади квадратни метри, содржи и тревни површини во комбинација со ниска, средна и висока вегетација.











# ПАРК РЕОНСКИ ЦЕНТАР „АЕРОДРОМ“



како беше некогаш...



...како е сега





На 5.10.2010 година свечено беше пуштен во употреба паркот во Реонскиот центар „Аеродром“.

Станува збор за парк, кој се простира на 10.000 метри квадратни, кој покрај зелените површини со трева е засаден и со околу 250 листопадни и зимзелени садници, и тоа од 15-тина вида меѓу кои магнолии, украсни цреши, туи, багреми, елки и платани, како и 2.000 љубичици. Паркот, исто така, е хортикултурно уреден со пешачки патеки, клупи и канти за отпадоци, а што е најважно, има висококософистициран електронски систем за наводнување, за што е изграден посебен бунар со хидрантска мрежа и синхронизирани прскалки за зеленилото.

# ВЛЕЗ ВО ОПШТИНА АЕРОДРОМ



# ФОНТАНА БОЈМИЈА





# ФОНТАНА ЛИСИЧЕ

# МЕМОРИЈАЛНА ФОНТАНА „ТОШЕ ПРОЕСКИ“



На 28.8.2010 година, поточно на еден од најголемите христијански празници Успение на Пресвета Богородица на детската улица во Ново Лисиче официјално беше пуштена во употреба модерната меморијална фонтана со ликот на Тоше Проески.



Фонтаната е изградена на три нивоа со внатрешен застаклен постамент со ликот на Тоше. Таа е кружна со дијаметар од 7 метри и со височина на базенот од 1,2 метри, додека централниот дел има квадратен облик со височина од 1,45 метри.

Фонтаната и околниот дел се хортикултурно уредени со клупи, канти за отпадоци и зеленило, а осветлени се со канделабри и неонски светилки, додека околу фонтаната има проширен дел со бекатон плочки за непречено да може да се користи патеката за возење велосипеди и ролерки.



како беше некогаш...



...како е сега

# АВТОМАТСКО НАВОДНУВАЊЕ НА ЗЕЛЕНИЛОТО

На 13.5.2012 година беше промовиран новиот начин на наводнување на зеленилото во Општина Аеродром со прскалки.

Автоматскиот систем на наводнување на зеленилото функционира преку електронски прскалки штелувани да ја полеваат тревната површина на одредено време. Поставени се околу 1.000 прскалки на тревна површина од околу 85.000 квадратни метри и тоа на левата и на десната страна од детската улица „Тоше Проески“.

Прскалките црпат вода од четири бунари за наводнување на зеленилото.

Автоматската регулација за наводнување со прскалки опфаќа метод на тајмерско вклучување и наводнување на тревата, односно зеленилото се наводнува во вечерните часови.

Автоматскиот систем на наводнување и одржување на јавното зеленило претставува трајна инвестиција, односно се поставува еднаш, а се користи повеќе години и притоа се заштедува вода.

**Поставени прскалки во паркот „Тоше Проески“**



**Зеленилото, за кое се грижиме сите, е застапено дури и повеќе од пропишаните европски стандарди**

Според податоците од ЛЕАП-от на Општината, Аеродром е општина со најмногу зеленило по глава на жител. Овие податоци покажуваат дека во Аеродром има 28 квадратни метри блоковско зеленило по глава на жител, што во споредба со европскиот проектантски стандард од 8,5 квадратни метри зеленило по глава на жител, изнесува речиси трипати повеќе.

# БУНАРИ



Во Општина Аеродром се изградени 15 подземни бунари за наводнување на зеленилото.

Целта на изградбата на бунарите, кои се распоредени низ целата територија на Општина Аеродром, е да има доволно вода за наводнување на зеленилото и да не се троши водата за пиење.

Техничката вода од бунарите е драгоцена и неопходна, бидејќи Аеродром важи за општина со најмногу зелени површини.



# СРЕДИШНИ ЖАРДИНИЕРИ НА ГЛАВНИТЕ БУЛЕВАРИ

Изградбата на жардиниерите во средишниот дел на главните булевари во Општина Аеродром, во соработка со Град Скопје („Кузман Јосифовски-Питу“, „Јане Сандански“ и Видое Смилевски-Бато“), го разубави изгледот на општината, а старата грда слика со железни огради стана минато.



како беше некогаш...



...како е сега

# ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ



отчет

## Донесени планови 2009 год.

- Јане Сандански УЕ Г
- Јане Сандански УЕ А
- Црква УЕ А
- Реонски Центар УЕ А
- Ново Лисиче УЕ Г
- Горно Лисиче УЕ З
- Измена и дополна на Индустриска зона УЕ В Блок 7 и 8
- Индустриска зона УЕ Б

## Донесени планови 2010 год.

- Три Бисери УЕ А
- Јане Сандански УЕ В
- Изменување и дополнување на ДУП за локалитет Јане Сандански УЕ В
- Горно Лисиче УЕ Е
- Индустриска зона за дел од УЕ В- Блок 6, 7 и 8
- Горно Лисиче УЕ А
- Ново Лисиче УЕ В
- Бисер АРМ УЕ В дел А
- Изменување и дополнување на ДУП за локалитет Јане Сандански УЕ Г

## Донесени планови 2011 год.

- Горно Лисиче УЕ Д
- Изменување и дополнување на ДУП за локалитет Индустриска зона за дел од УЕ В, Блок 6, 7 и 8
- Изменување и дополнување на ДУП за локалитет Јане Сандански УЕ Г
- Изменување и дополнување на ДУП за локалитет Реонски Центар УЕ А- Блок 1 и 2

## Донесени планови 2012 год.

- Индустриска зона УЕ А
- Мичурин УЕ А
- Изменување и дополнување на ДУП за локалитет Индустриска зона за дел од УЕ В- Блок 1,3,4 и дел од Блок 5 (во постапка)
- Црква УЕ Б (во постапка)
- Горно Лисиче УЕ В (во постапка)

**ДОНЕСЕНИ 25 ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ**

# СОВЕТ НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ

Советот на Општина Аеродром, особено советничката група предводена од коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ со несебична поддршка придонесе да се остварат сите проекти на Општината, без чија добра соработка тие немаше да можат да се реализираат.

Имено, моќта на Советот на Општината е речиси подеднакво важна со онаа на градоначалникот, како две форми на општински избраните органи, преку кои се остваруваат обврските на локалната власт кон граѓаните. Двете форми на власт не можат една без друга.

Додека градоначалникот ја предлага својата визија и програми, советниците се мостот со заедницата и оние кои овозможуваат градоначалникот да го спроведе замисленото.

Моќта на советниците во Општина Аеродром особено се рефлектира преку големиот број одлуки што тие ги донесоа изминатите четири години, придонесувајќи значително да се подобрат условите за живот во општината, како и за нејзиниот севкупен развој.

Членовите на Советот се оние кои преку својата плодна работа, како исклучително важно законодавно тело на локално ниво, го следеа исполнувањето на сите политики и програми донесени од страна на градоначалникот и администрацијата на Општина Аеродром, а особено на позначајните проекти како:

- донесените над 25 детални урбанистички планови, преку кои се отворија вратите за инвестиции во Општина Аеродром,
- изградбата на препумпна станица и фекална канализација во Горно и Долно Лисиче,
- асфалтирањето на улици во должина од над 40 километри,
- реконструкцијата на сите основни училишта и детски градинки,
- изградбата на ново основно училиште и нова детска градинка во Реонски центар „Аеродром“,
- изградба на над 2.000 нови паркинг места,
- изградбата на новите паркови („Аеродром“, „Јане Сандански“, „Тоше Проески“, „Реонски центар Аеродром“, ,„Парк на езерата“, парк во населба Лисиче),
- изградбата на фонтаните на влезот на општината, на улица „Бојмија“ и во населбата Лисиче,
- изградбата на автоматски систем за наводнување на зеленилото,
- реконструкцијата на спортскиот центар во Ново Лисиче, како и многу други проекти, кои се составен дел од овој отчет.

***Благодарение на советничката група предводена од коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ се реализираа најзначајните проекти за подобрување на условите за живот и Аеродром го претворија во една од најатрактивните и најпосакувани општини во Република Македонија***



***Виктор Камилоски, претседател на Советот на Општина Аеродром***

# ОБРАЗОВАНИЕ



Општина Аеродром спроведува голем проект за комплетна реконструкција на основните училишта и детските градинки на нејзината територија, кој чини околу 1,5 милиони евра. Станува збор за реконструкција на основните училишта „Браќа Миладиновци“,„Ѓорѓија Пулевски“, „Лазо Ангеловски“, „Љубен Лапе“, „Блаже Конески“ и „Гоце Делчев“.

# КОМПЛЕТНО РЕНОВИРАЊЕ НА ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА



како беше некогаш...

...како е сега





реконструкција на покривите



комплетна замена на прозорците

Реконструкцијата на основните училишта опфаќа замена на азбесниот покрив, замена на прозорците, подовите, како и фасадата, реконструкција на санитарните јазли и реконструкција на водоводната инсталација.



реконструкција на санитарните јазли

# СЕ ГРАДИ НОВО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ ВО РЕОНСКИ ЦЕНТАР „АЕРОДРОМ“



На 1.6.2011 година во населбата Реонски центар „Аеродром“ беше поставен камен-темелник на ново основно училиште во соработка со Министерството за образование и наука.

Со изградбата на новото училиште се очекува да се растоварат постојните училишта во другите населби и да им се овозможи на голем број семејства да го решат проблемот со запишување на своите деца во училиште.

Училишниот објект, кој се гради на површина од 5.300 квадратни метри, ќе овозможи да се запишат околу 800 ученици коишто ќе посетуваат настава во две смени.





## МОНТАЖНО ДРВЕНО ИГРАЛИШТЕ СО КАРПА ЗА КАЧУВАЊЕ, ЛУЛАШКИ, КЛАЦКАЛКИ И ДРУГА УРБАНА ОПРЕМА

# КОМПЛЕТНО РЕНОВИРАЊЕ НА ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ

Општина Аеродром се грижи за подобрување на условите за престој во детските градинки и спроведува реконструкција на објектите на двете градинки „Срничка“ и „Буба Мара“ со нивните клонови, која опфаќа реконструкција на покривите, промена на прозорци и реконструкција на санитарните јазли.



отчет

## АКТИВНОСТИ





Детските градинки во Општина Аеродром „Срничка“ и „Буба Мара“ континуирано во текот на целата година организираат низа активности за развивање на детските физички и психички способности, како и креативноста на децата, а на почетокот на секое лето организираат завршни приредби, со кои се испраќаат идните првачиња.

# „Калинка“ - прва енергетски ефикасна градинка во Република Македонија



како беше некогаш...



...како е сега



# СЕ ГРАДИ НОВА ДЕТСКА ГРАДИНКА ВО РЕОНСКИ ЦЕНТАР „АЕРОДРОМ“

Забрзано се гради нова детска градинка во Реонски центар „Аеродром“ на парцела од 7.500 квадратни метри, од кои 1.400 квадратни метри вкупна градежна површина на приземје (1.100 м2) и кат (300 м2) со капацитет за згрижување на околу 200 деца од предучилишна возраст. Станува збор за заеднички проект на Општина Аеродром и на Министерството за труд и социјална политика со цел да се задоволи потребата за згрижување на децата од оваа релативно нова населба со зголемен наталитет, каде што е повеќе од потребно ваков објект.



# ИНФРАСТРУКТУРА

## Хидроинфраструктура

- изградба на препумпна станица во Горно Лисиче
- доизградба на фекална и атмосферска канализација во Мичурин
- изградба на фекална канализација во Горно Лисиче (улиците како и краците кои гравитираат кон „Ѓорѓи Капчев“, „Ѓорѓе Андреевиќ-Кун“, „Тодор Чангов“, „Богомилски поход“, „Божин Николов“, „Лисец“, „Божидар Рајковиќ“, „Пролетна офанзива“, „Василие Ѓуровиќ“ и „АСНОМ-Г41, 43, 45, 49, 50 и други“ во должина од 42 километри)
- доизградба на фекална канализација во Долно Лисиче во должина од околу 6 километри
- изградба на водоводна мрежа во Горно Лисиче (во соработка со ЈП „Водовод и канализација“)
- тековно одржување на водоводниот систем
- доизградба на атмосферска канализација во населбата Лисиче во должина од околу 6 километри
- изградба на фекална и атмосферска канализација и водоводна мрежа (висока и ниска зона) во ДУП Горно Лисиче УЕ А



**Еден од најголемите проекти на Општина Аеродром во изминативе неколку години е изградбата на околу 30 километри фекална канализација. Во изградбата на оваа инфраструктура, заедно со асфалтирањето се вложени околу 5 милиони евра, инвестиција што не се случила последните 40 години.**

## ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА





# ПРЕПУМПНА СТАНИЦА

На 11.4.2012 година покрај Усјанскиот канал во близина на реката Вардар беше пуштена во употреба новата препумпна станица во Горно Лисиче, која на некој начин претставува срце на целата канализациска инфраструктура.

За жителите на овој дел од Општината препумпната станица значи пополнување на урбаните празнини во животната средина што се провлекувале повеќе од 40 години.

Препумпната станица директно ќе ги препумпува и ќе ги одведува сите фекални отпадни води од населбите Горно Лисиче, Лисиче, Ново Лисиче, Аеродром, како и населбата 11 Октомври од Општина Кисела Вода, каде што гравитираат над 10.000 семејства.

Капацитетот на препумпната станица е 1.450 литри во секунда, со длабочина на испумпување од 7 метри. Таа ги исполнува сите еколошки услови и ќе служи за подигнување на фекалните отпадни води од нискиот колектор на десниот брег на реката Вардар, чија изградба е при крај, во транзитниот основен колектор. На тој начин ќе се овозможи постојано препумпување без да се задржуваат отпадните води, кои предизвикуваат распаѓање на органските материи во водата.







# АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА



## Ѓорѓи Капчев – Горно Лисиче



## поставување водоводна мрежа



## осветлување

Изградени се 30 нови линии за јавно осветлување со 5.000 сијалични места





# ФЕКАЛЕН КОЛЕКТОР

Во населбата Горно Лисиче се изгради новиот фекален колектор, кој ќе ги прифаќа фекалните отпадни води од целата територија на Општина Аеродром и поголемиот дел од Општина Кисела Вода, поточно територија со околу 150.000 жители.

Оваа инвестиција ќе овозможи да се собираат отпадните фекални води од примарните мрежи во Лисиче и да се пренасочуваат кон препумпната станица што се наоѓа во Горно Лисиче.

Фекалниот колектор опфаќа внатрешен дијаметар од 1.000 милиметри. За изградбата на колекторот се издвоени над 100 милиони денари од Буџетот на ЈП „Водовод и канализација“.

За изградбата на колекторот Општина Аеродром овозможи услови за реализација на проектот, ја предвиде изградбата на колекторот во деталниот урбанистички план, ја расчисти локацијата и ги издаде потребните одобренија за отпочнување на активностите.





# АСФАЛТИРАЊЕ

- реконструкција и асфалтирање улици во Горно Лисиче
  - „Горноврановска“
  - „Тодор Чангов“
  - „Ѓорѓи Капчев“
  - „Божин Николов“
  - „Богомилски поход“
  - „Ѓорѓе Андреевиќ-Кун“
- реконструкција и асфалтирање улици во Мичурин
  - „Венијамин Мачуковски“
  - „Анастас Митрев“
  - „Петар Ацев“
- реконструкција и асфалтирање улици во населбата Лисиче
  - „Србија 1“
  - „Димитар Благоев“
  - „Бошко Буха“
  - „Блажо Орландиќ“
  - „Гаврил Константиновиќ“
  - „Благоја Мучето“
  - „Ѓорѓе Андреевиќ-Кун“
- доизградба на сервисни улици во Реонски центар „Аеродром”
- проект за изградба на локалниот пат Горно – Долно Лисиче
- проект за реконструкција на улицата „Лисец“
- проект за реконструкција и проширување на патот Драчево-Јурумлери
- во соработка со Град Скопје
  - проширен булеварот „Видое Смилевски – Бато“
  - проширен булеварот „Србија“




Во соработка со Град Скопје

**Реконструкција на булеварот „Јане Сандански“**

отчет

# Реконструкција на булеварот „Србија“





како беше некогаш... ...како е сега



# Реконструкција на булеварот „Видое Смилевски-Бато “






како беше некогаш... ...како е сега



# Асфалтирање во Реонски центар „Аеродром“

# АСФАЛТИРАЊЕ

## Мичурин



Анастас Митрев



Венијамин Мачуковски





Петар Ацев



Крпење дупки

## Лисиче



Димитар Благоев



Мите Богоевски

## Горно Лисиче

### Тодор Чангов



како беше некогаш...



...како е сега



### Божин Николов




### Горновранoвска

## Крак 5 – Долно Лисиче



## Табак Сити



# ПАРКИРАЛИШТА

- прво монтажно паркиралиште
- пет нови паркиралишта во Мичурин
- едно ново паркиралиште покрај кејот на Вардар
- две нови паркиралишта под Транспортниот центар (во соработка со Град Скопје)
- проширување со нови паркинг-места на паркиралиштето покрај ул. „Васко Карангелевски“ (во соработка со Град Скопје)
- три нови паркиралишта во Ново Лисиче
- проширување на дел од три постојни паркиралишта со нови паркинг-места во населбата Јане Сандански (во соработка со Град Скопје)
- проширување на дел од две постојни паркиралишта (во соработка со Град Скопје)
- чистење и ставање во функција на подземните гаражи во околината на трговскиот центар „Бисер“
- обележување паркинг-места за лица со хендикеп
- воведено зонско паркирање на тесните сообраќајни грла (во соработка со ЈП „Градски паркинг“)



## Монтажно паркиралиште
### - прво во Република Македонија





## ИЗГРАДЕНИ СЕ ВКУПНО 17 НОВИ ПАРКИРАЛИШТА СО НАД 2.000 НОВИ ПАРКИНГ-МЕСТА



# Васко Карангелевски







## Мичурин



**Исчистени и осветлени сите подземни гаражи**




**Аеродром е прва општина која воведе бесплатно зонско паркирање за граѓаните кои живеат на местата каде што се реализира овој проект.**

# Кеј





како беше некогаш... ... како е сега





## Транспортен центар



## Обележување паркинг-места за лица со хендикеп

# СПОРТСКИ ОБЈЕКТИ

- спортски мултифункционален центар во Ново Лисиче
  (со сала и стадион)
- две игралишта за мал фудбал и за кошарка во Ново Лисиче
- четири тениски терени покрај Вардар
  (во соработка со Агенцијата за млади и спорт)
- фудбалско игралиште во населбата Реонски центар
  (во соработка со Агенцијата за млади и спорт)
- фудбалско игралиште покрај Вардар
  (во соработка со Агенцијата за млади и спорт)
- изградба на четири фудбалски игралишта покрај Вардар
  (во соработка со ФФМ)
- изградба на куќа на фудбалот покрај Вардар
  (во соработка со ФФМ)
- изградба на нова спортска сала во дворот на ОУ „Гоце Делчев“
  (во соработка со Министерството за образование и наука)
- 8 нови повеќенаменски отворени игралишта во сите населби
  (мал фудбал, кошарка)
- тековно се одржуваат и се реконструираат сите спортските игралишта



Популарно нареченото „Стадионче“, во кој се инвестирани околу 50 милиони денари, прерасна во модерен спортски центар за кошарка, мал фудбал, одбојка, фитнес и пинг-понг.

# МУЛТИФУНКЦИОНАЛЕН ЦЕНТАР



како беше некогаш...

... како е сега



# ТЕНИСКИ ИГРАЛИШТА



како беше некогаш...

... како е сега



# ФУДБАЛСКО ИГРАЛИШТЕ ПОКРАЈ ВАРДАР





# НАЦИОНАЛНА КУЌА НА ФУДБАЛОТ
## со четири фудбалски игралишта




Покрај кејот на Вардар се градат четири фудбалски игралишта со капацитет на публика до 500 гледачи и управна зграда на Фудбалската федерација на Македонија

отчет

# СПОРТСКИ ИГРАЛИШТА





# КОШАРКАРСКО ИГРАЛИШТЕ



како беше некогаш...

... како е сега



# УРБАНА ОПРЕМА И ПАТЕКИ

- изградба и одржување на 60-тина детски игралишта
- изградба на ролерска патека покрај Вардар
  (во соработка со Град Скопје)
- изградба на велосипедска патека
  (во соработка со Холандската амбасада)
- изградба на 6 пристапни рампи
- изградба на 60-тина пешачки патеки
- изградба на над 500 заштитни столпчиња
- изградба и одржување на околу 60 чешми за пиење вода
- поставени над 200 клупи
- поставени околу 1.000 канти за отпадоци
- поставени 40 информативни табли





# ДЕТСКИ ИГРАЛИШТА



како беше некогаш...

... како е сега



отчет

# РОЛЕРСКА ПАТЕКА



# ВЕЛОСИПЕДСКА ПАТЕКА



отчет

# ПЕШАЧКИ ПАТЕКИ







# ПРИСТАПНИ РАМПИ
## во основните училишта и детските градинки



# ИНФОРМАТИВНИ ТАБЛИ




# ЗАШТИТНИ СТОЛПЧИЊА



отчет

# ЧЕШМИ ЗА ПИЕЊЕ ВОДА









# КЛУПИ И КАНТИ ЗА ОТПАДОЦИ



## ПРОМОЦИЈА

# „Општина Аеродром – вистинското место за Вашите инвестиции!“

Општина Аеродром пред голем број стопанственици, односно потенцијални инвеститори главно од градежни и проектантски фирми, под мотото „Општина Аеродром – вистинското место за Вашите инвестиции“ одржа 3–Д видео презентација на можностите за инвестирање во што ги нудат деталните урбанистички планови донесени изминатиот период.

Тродимензионалната презентација на можностите за инвестирање во една општина, која се изведе за првпат во Република Македонија, привлече голем број инвеститори и ја забрза продажбата на повеќе парцели на градежно земјиште.

Во проектот беа вклучени и Сојузот на стопанските комори на Македонија и Стопанската комора на Република Македонија.

„Вратите на Општината од денес ќе бидат уште поширoко отворени за сите бизнисмени, кои ќе го најдат својот интерес за инвестирање во некој од овие атрактивни проекти“, рече во своето обраќање градоначалникот на Општина Аеродром, Ивица Коневски.

отчет



**На видео проекцијата инвеститорите имаа можност да видат повеќе детали за главните локации на кои е предвидена изградба на нови објекти, меѓу кои над 100 семејни згради и станбени објекти со десетина деловни објекти и комерцијални комплекси, резиденциски и административни објекти, болница, хотел, повеќенаменска сала, забавен парк, затворен базен, затворена хокеј – сала и други објекти.**

**Видео-презентацијата може да се види и на општинската интернет страница:**
**www.aerodrom.gov.mk**






# ХИГИЕНА И ОДРЖУВАЊЕ

## хигиена

- ангажирани над 100 сезонски работници за одржување на хигиената
- изработен ЛЕАП (Локален еколошки акциски план)
- организирање големи еко – акции
- вршење дератизација 2 пати годишно
- исчистени десетици депонии
- чистење снег од јавните површини
- организирање едукативни предавања за заштита на животната средина

## зеленило

- хортикултурно и партерно уредување на јавни зелени површини
- садење нови садници и поддршка на акцијата Ден на дрвото
- отстранување исушени и стари дрва





Со ангажманот на стотина сезонски работници и нивните секојдневни активности на терен, Аеродром стана една од најчистите општини во Република Македонија. Нивото на хигиена на јавните површини е значително зголемено, а што е уште поважно на тој начин се крена и еколошката свест на граѓаните.



сезонски работници
во Општина Аеродром



чистење снег



садење дрвца





отстранување
хаварисани возила



дератизација



## кастрење гранки





## косење трева



## еко-акции за подигање на јавната свест



# Збратимување



## Стирлинг

Градоначалниците на Општина Аеродром и на Градот Стирлинг, Австралија, Ивица Коневски и Дејвид Бутман на 29.9.2010 година во Стирлинг, Австралија, потпишаа Повелба за меѓусебно пријателство меѓу Општина Аеродром и Градот Стирлинг.

Целта на збратимувањето, кое се смета за мошне значајно и историско за двете општини, бидејќи за првпат се збратимуваат со друга општина, е да се промовираат културни, пријателски и економски врски.



## Лондон



Градоначалниците на Општина Аеродром и на најголемата и најразвиена лондонска централна општина Вандсворт, Ивица Коневски и Пиерс Мек Каусленд, на 21.12.2010 година во Лондон, Велика Британија, потпишаа Меморандум за соработка во областа на образованието, културата и граѓанската заедница.





## Вандсворт и Карловац

Во рамки на проектот „Размена на вредности“ делегации од Вандсворт, Лондон и од Карловачката жупанија, Хрватска, во октомври 2011 година ја посетија Општина Аеродром.

Дел од претставниците на Вандсворт и Карловац беа во посета на основните училишта во Општина Аеродром, со што директно се овозможи размена на искуства меѓу учениците и наставниците, нешто што се случува за првпат од осамостојувањето на Македонија. Целта на проектот е преку директно запознавање на вредностите на трите општини и земји, да се разменат искуства и да се подобри соработката.

Посетата на учениците, која ја финансираше Европската унија во рамки на проектот „Размена на вредности“, е всушност, резултат на потпишаните спогодби за соработка со нивните матични општини.

# Трибини и кампањи

- трибини за жителите на Општината со учество на голем број министри
- трибини за жителите на Општината за легализација на дивоградбите
- непосредни средби со граѓани
- бројни средби со политичари, бизнисмени, инвеститори, амбасадори...







## КАМПАЊА:
## НЕ ОСТАВАЈТЕ ВРЕДНИ ПРЕДМЕТИ ВО ВАШИОТ АВТОМОБИЛ!

# МАНИФЕСТАЦИИ

- „Коњички марш“
- „Мичуринска средба“
- „Велигденски средби“
- „Баскерфест“
- „Вапцарови денови“
- „Бадникови огнови“
- традиционален ликовен конкурс





Традиционален ликовен конкурс по повод Денот на Европа - 9 Мај







Традиционален „Коњички марш“



„Велигденски средби“

отчет



„Баскерфест“



„Мичуринска средба“

# СОЦИЈАЛЕН ЖИВОТ

- бесплатна обука по информатика и англиски јазик (за околу 2.000 граѓани)
- доделување парична помош за новороденчињата
- новогодишно украсување на булеварите и детската улица
- хуманитарни концерти за лица со хендикеп
- посети на домови за стари лица
- бесплатна медијација на споровите  за граѓаните и правните субјекти





Парична помош за новороденчиња

Бесплатни обуки





# Новогодишно украсување









# Традиционален хуманитарен концерт



# ЗДРАВЈЕ И ЗАШТИТА

- организирање крводарителски акции
- организирање часови по прва помош
- организирање бесплатни лекарски прегледи (во соработка со Црвен крст)
- едукација на населението и превенција од евентуални пожари
- соработка и поддршка на Противпожарниот сојуз „Аеродром“
- организирање натпревари во ППЗ
- донација за изградба на терариум во зоолошката градина





Крводарителски акции




Бесплатни лекарски прегледи



## Никој не е оставен на страна

Основното училиште „Ѓорѓија Пулевски“ доби специјални компјутери, таканаречени асистивни уреди, односно помагала и софтвер за учениците со посебни образовни потреби, како и обука за наставниот кадар што работи со нив, со што е оправдано мотото „никој не е оставен на страна“ во уживањето на придобивките од информатичката технологија.

## Проект „Форуми во заедницата“



Во рамки на проектот „Форуми во заедницата" комплетно беа заменети прозорците во три основни училишта и една детска градинка Проектот беше поддржан од Швајцарската амбасада и од Општина Аеродром.



## Обука за противпожарна заштита



## Донација за зоолошката градина



- Аеродром е најдобра општина во Република Македонија.  Чиста, тивка, урбана, одлична за мене и моето семејство.
  *Кристина Спасова, жителка во населба Ново Лисиче*

- Повеќе би сакала да ги израснам моите деца тука, отколку во која било друга општина во земјава.
  *Маја Стефкова, жителка во населба Јане Сандански*

- Задоволна сум и пред сè пријатно изненадена од гестот на Општината за доделување еднократна парична помош за новороденчиња. Иако  трошоците околу бебето се големи, ова ни претставува олеснување на семејниот буџет за нашиот син Петар.
  *Катерина Трпковска,  жителка во населба Горно Лисиче*



## Признанија и награди

- **прогласена за најтранспарентна општина во Град Скопје (од независната агенција „Форум“)**
- **прогласена за најспортска општина за 2009 година**
- **избрана за учество на саемот за инвестиции во градежништвото („Реал експо“ како најперспективна општина за инвестирање од страна на незавсни експерти од ГТЗ)**
- **признание за посебен придонес за заштита на граѓаните и материјалните добра од пожари  од Противпожарниот сојуз на Град Скопје**
- **сертификат за активно учество во проектот на ОБСЕ „Промовирање на мултикултурализмот во образованието“**
- **благодарница за значаен придонес во одржливиот развој на животната средина – од граѓанската иницијатива „Ден на дрвото, засади ја својата иднина!“**

- воведени ИСО стандарди 9001:2008
- проект - општина достапна 24 часа (ГСЦ)
- надградба на општинската интернет страница
  www.aerodrom.gov.mk
- издавање општински весник на секои два месеци
- бесплатен интернет во парковите



Учество на саеми

конституција 12.04.2005 г.
површина од 21,19 км$^2$
население 80.000 жители
60% урбани населби
40 % рурален дел

отчет

Бесплатен интернет во парковите



# СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ

- организирање разни општински лиги и турнири
- стимулирање талентирани спортисти и спортски клубови
- медиумска поддршка и разни спонзорства




Турнир во мал фудбал



крос



маратон



кошарка



одбојка



# МЗТ Скопје - Аеродром - гордост на Аеродромци



Општина Аеродром го зеде под своја капа кошар-карскиот клуб „МЗТ Скопје – Аеродром“ и со помош на нејзините напори и поддршка клубот стана нов шампион на Македонија во кошарка.

„МЗТ Скопје – Аеродром“ првпат во историјата на клубот ја освои титулата првак во домашното кошар-карско првенство.



# ПРЕКУ УРБАНИТЕ И МЕСНИ ЗАЕДНИЦИ ПОБЛИСКУ ДО ГРАЃАНИТЕ

- **УЗ МИЧУРИН**
  Венијамин Мачуковски бб (кај „Танец“) (075/316-522)
- **УЗ СТАР АЕРОДРОМ**
  Васко Карангелевски бб (спроти Мајчин дом) (075/316-517)
- **УЗ ОСТРОВО**
  Кузман Јосифовски-Питу 17, локал 41 (075/316-510)
- **УЗ БИСЕР**
  Јане Сандански 70/1 (ТЦ „Бисер“) (075/316-526)
- **УЗ ЈАНЕ САНДАНСКИ**
  АВНОЈ бб (075/316-527)
- **УЗ НОВО ЛИСИЧЕ**
  Спортски центар, Ново Лисиче (075/316-524)
- **УЗ НАСЕЛБА ЛИСИЧЕ**
  Димитар Туриманџовски бб (ТЦ „Лисиче“) (075/316-520)
- **УЗ ГОРНО ЛИСИЧЕ ЗАПАД**
  Тодор Чангов 20/6 (075/316-523)
- **УЗ ГОРНО ЛИСИЧЕ СЕВЕР**
  Тодор Чангов 20/6 (075/316-511)
- **УЗ ГОРНО ЛИСИЧЕ ЈУГ**
  Горно Лисиче бб (кај ОУ „Гоце Делчев“) (075/316-514)
- **МЗ ДОЛНО ЛИСИЧЕ**
  Купиште бб (075/316-521)





# ИМПРЕСУМ


## Отчет 2009 - 2012
## Општина Аеродром

издава
Општина Аеродром

Градоначалник
Ивица Коневски

уредник
м-р Маја Манчевска

редакција
Милена Стефановска
Ивана Јовановиќ-Ацковска
Ана Кареска

лектор
Билјана Кочоска-Тодоровска

корица
Брангјолица Влахо


отчет


**ОПШТИНА АЕРОДРОМ**, Скопје, Република Македонија
телефон 2400  970, факс 2401 546 , адреса Венијамин Мачуковски 6, 1000 Скопје
e-mail  aerodrom@aerodrom.gov.mk, web www.aerodrom.gov.mk




